# Коридор 8 Железничка пруга - Фаза 3

**Земја:** Северна Македонија
**Број на проектот**: 53041
**Деловен сектор**: Инфраструктура Европа
**Вид на инвестиција**: Јавен сектор
**Еколошка категорија**: A
**Датум на разгледување од страна на Бордот**: 18 октомври 2023 година
**Статус**: Ревизија на концептот
**Датум на објава на Резимето на проектот:** 4 јули 2023 година

## Опис на проектот

Обезбедување на кредит со државна гаранција во износ од ЕУР 175 милиони на Република Северна Македонија (,,Позајмувач'') за потребите на Јавното претпријатие за железници инфраструктура (,,ЈПЖИ'') за завршување на последниот сегмент од железничката инфраструктура за источниот дел на железницата Коридор 8. Кредитот ќе се финансира со (1) изградба, сигнализација и телекомуникација од Крива Паланка до Бугарската граница во вкупна должина од 23,4 километри и (2) работи за електрификација за целата источна железничка линија, вклучувајќи ги секциите 1, 2 и 3, со вкупна должина од 88 километри. Овој проект се планира да биде кофинансиран од Европската Инвестициона Банка (,,ЕИБ'') и ЕУ преку Програмата за инвестирање на Западен Балкан (,,ПИЗБ'' – Western Balkans Investment Framework - WBIF) и националниот Инструмент за Пред-пристапност 2 (,,НИП'' – Instrument for Pre-Accession 2 –IPA 2).

## Цели на проектот

Проектот ќе: 1) воспостави брза конекција на македонскиот железнички транспорт со Бугарија и ЕУ главната ТЕН-Т мрежа, 2) ќе го олесни меѓународното/транзитното движење на добра и луѓе, особено со соседните ЕУ држави и Турција, и 3) ќе направи промена на користење на сообраќајот, од патнички кон железнички, преку подобрување на конкурентноста на железничкиот сектор. Проектот ќе ја зголеми и безбедноста на сообраќајот, сигурноста во превоз на добра и луѓе, ќе понуди можности за деловен развој во близина на железничката линија и станиците, и ќе ги подобри еколошките услови во населбите и регионите опфатени со Проектот.

## Транзициско влијание

ЕТИ 70

Примарен квалитет: Инклузивност - Проектот ќе ја поддржи Комапанијата во интегрирање на универзални стандарди и стандарди за пристап на половите, во постоечката инвестиција и идните инвестиции во железничката инфраструктура. Ова ќе придонесе кон зголемување на користењето на железницата и кон развој на човечкиот капитал, преку поддршка на поголема мобилност на жените и луѓето со попреченост/ограничена подвижност.

Секундарен квалитет: Зелено - Процентот на користење на процесите на ЕБРД што ја поддржуваат транзиција кон зелената економија и со тоа се квалификуваат за финансирање преку Програмата за зелена транзиција (Green Energy Transition GET).

# Информација за клиентот

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СУВЕРЕН КРЕДИТ (Обезбеден со државна гаранција)

Позајмувач е Република Северна Македонија, претставувана од Министерот за финансии (,,МзФ'').
Проектниот ентитет е Јавното претпријатие за железници инфраструктура (,,ЈПЖИ''), акционерско друштво организирано од Северна Македонија, и во целосна сопственост на Република Северна Македонија.

# Финансиско резиме на ЕБОР

ЕУР 175.000.000,00
Кредитот со државна гаранција одобрен од ЕБОР во износ од ЕУР 175 милиони. Кредитот на ЕБОР се планира да биде структуран во оддлени транши.

# Вкупна вредност на проектот

ЕУР 559.733.044,00
Финансирање преку ЕБОР: ЕУР175.000.000
Финансирање преку ЕИБ: ЕУР175.000.000
Грант од Програмата за инвестирање на Западен Балкан: 133.983.044
Грант од националниот Инструмент за Пред-пристапност: ЕУР 60.750.000

# Еколошко и социјално резиме

Проектот е категоризан со оценката -А-, според правилникот за Еколошка и социјална политика на ЕБОР (2019), бидејќи постои потенцијал за значајни еколошки и социјални влијанија, поврзани со изградбата и функционирањето на новата железничка пруга во должина од 23 километри, од Крива Паланка до границата помеѓу Северна Македонија и Бугарија, како и електрификација на

источната железничка линија во должина од 88 километри. Придобивките од Проектот вклучуваат подобрени транспортни врски во регионот, со намалено време на патување помеѓу Скопје и Софија, зголемен транспортен капацитет на добра и намалени емисии на јаглероден диоксид, поврзани со преминот на користење на превозот, од пат кон железница.

Еколошката и социјалната анализа започна со преглед на одобрениот национален документ за Оценка на влијанието врз животната средина (2017), каде се утврди дека е потребна дополнителна проценка на одредени аспекти. Дополнителниот пакет за обезбедување на еколошките и социјални аспекти е развиен согласно Барањата за изведба на ЕБОР, кои вклучуваат: Додаток за оценката на влијанието врз животната и социјалната средина, Дополнителна оценка на биодиверзитетот, План за управување со биолошка разновидност, План за управување со животна и социјална средина, Акциски план за преселување, Нетехничко резиме и План за ангажирање на засегнатите страни. Овој пакет документи со објава на еколошките и социјални аспекти, е достапен на англиски, македонски и албански јазик (освен Нетехнчкото резиме) од 15 јуни 2023 година, во период од 120 дена, пред Бордот на ЕБОР да го разгледа проектот, во согласност со Политиките за пристап до информации на ЕБОР.

Маршутата на проектот преминува преку урбани и рурални области, а нацртот на проектот, неодамна беше ревидиран, со цел да се оптимизираат опциите за рутирање, и да се вклучи разгледување на прашањата за еколошките и социјални аспекти. Како резултат на тоа, пристапните патишта беа изменети согласно повратните информации добиени од заедницата, со цел да се намали физичкото преселување. Еколошките и социјалните влијанија, особено преселувањето, економското раселување и влијанијата врз биолошката разновидност се избегнати во голем број случаи, бидејќи приближно 10 киломертри од трасата се наоѓа во тунели, а дополнителни 5 километри се мостови. Акцискиот план за преселување, е објавен, и со него се дефинираат мерките на ублажување, компензацијата, и обновување на живеалиштата, во согласност со националното законодавство и Барањата за реализација број 5.

Дополнителната проценка на биолошката разновидност, идентификуваше голем број области со критични живеалишта и приоритетни карактеристики на биолошката разновидност на површина од 12 хектари од таквото живеалиште, кои треба да се изгубат заради реализација на проектот. Евидентирани се голем број цицачи, птици и водоземци, опишани во документите за Критичен хабитат и Приоритет карактеристики на биодиверзитетот врз кои ќе влијае реализацијата на овој проект. Се очекува влијанијата од реализација на овој проект да бидат ограничени на нарушување на наведените аспекти и тоа во фазата на изградба, но истите ќе бидат ублажени. Железничката траса поминува низ 3 области, кои се предложени да добијат заштита на биолошката разновидност.

Спроведен е процес на соодветна проценка за двете предложени локации на Емералд локациите, и беше заклучено дека веројатно нема да има значајни ефекти

врз интегритот на овие области или квалификационите карактеристики: во Пчиња - Герман (MK0000029), дел од железницата во должина од 1.8 километри се гради по работ на заштитеното подрачје, повеќето од рутата се тунели или просторот под мостовите, а нема ни живеалишта кои се засегнати со овој проект. На Осоговските планини (MK0000023) целата област ќе биде изградена со тунели. На 2,4 километри од железницата, каде што се вкрстува деградираниот дел од предложениот Национален парк - Клисура на Киселичка река, најголемиот дел од желзницата е во тунел, па не се очекува влијанијата од проектот да бидат големи.

Влијанијата од бучавата и вибрациите имаат потенцијал да бидат значителни. За време на изградбата на пругата, овие аспекти ќе бидат разгледани и решени согласно националните и меѓународните стандарди, со примена на мерки на ублажување на негативните влијанија, преку изградба на бариери за бучава, методи за градба со низок шум и вибрации, навремено известување до заедниците, ограничување на работното време, истражувања пред и после состојбите, и мониторинг за време на градежните активности. Онаму каде што се предвидува дека влијанијата ќе бидат значајни, на жителите ќе им се понуди можност привремено да се преселат додека траат градежната активност, на трошок на проектот. За време на фазата на реализација на проектот, бучавата ќе се ублажи преку поставување на бариери за бучава или изолација на бучавата на одредени локации. Вознемирувањето заради вибрации има потенцијал да влијае врз голем број локации, за време на движењето на возовите, што ќе се ублажи преку специфични мерки за проектирање на пругата и оперативни контроли. Моделите за бучава и вибрации ќе бидат ажурирани од страна на Изведувачот, а ажурираните мерки за ублажување се точно планирани и вклучени во финалниот проект. Поради основата на теренот и потребата од изградба на мостови во овој проект, после примената на мерки за ублажување, се предвидуваат значајни визуелни влијанија на одредени локации. Изработена е фотомонтажа на Проектот, која е вклучена во Додаткот на Еколошкиот и социјален акциски план.

Безбедноста на железницата и тунелите ќе биде дизајнирана и управувана во согласност со националните и ЕУ стандардите, вклучувајќи детални барања за управување со безбедносни ризици, како што се системите за итни бегства и сеизмички опасности. Ќе се развие План за одговор при итни случаи, за фазите за изградба и работење. Сите премини ќе поминуваат или под или над железницата, што ќе обезбеди значајно ублажување на влијанијата врз здравјето и безбедноста на заедницата. Ќе се изгради ограда во областите каде што има висок ризик на пристап од трети страни. Ќе се изработи план за аспектите поврзани со здравјето и безбедноста при работа на фазите на изградба и работење. Од изведувачот и подизведувачот на градежни работи, ќе се бара да управува со потенцијални влијанија врз работниците и заедниците, вклучувајќи ги правата на градежните работници, здравствените и безбедносните ризици на работниците и заедниците, а ќе се воспостават и спроведуваат процедури за поплаки, во согласност со барањата на Банката. Мерките за пристапност и усогласеност на родовите, ќе бидат вклучени во финалниот нацрт на станицата.

Направени се консултации за информирање околу Дополнетите еколошки и социјални аспекти. Подготвен е Акционен план на учесниците, со кој се дефинираат активностите за ангажман во тек на циклусот на проектот, вклучувајќи механизми за поплаки. Како дел од Еколошкиот и социјален акциски план, од 2017 година, националните власти направија консултации со нивните колеги во Бугарија заради прекуграничниот тунел. Бугарските власти заклучија дека нема да има нивно понатамошно учество или јавна дискусија за извештајот. Нетехничкото резиме за дополнителниот пакет е достапно и на бугарски јазик. Еколошкиот и социјален акциски план е изработен и објавен, проектот редовно ќе се следи, и истиот ќе вклучи посети на локацијата од страна на Банката и консултантите, се' со цел да се обезбеди усогласеност со Еколошкиот и социјален акциски план и Барањата на проектот.

## Техничка соработка

*Пред потпишувањето:*
Техничка помош 1: ЕиС поддршка и родова анализа
Техничка помош 2: Поддршка за имплементација на Акцискиот план за раселување

*После потпишувањето:*
Техничка помош 1: Интегрирање на универзални и родово адекватни стандарди на пристап во железничката инфраструктура

## Додадена вредност

Додадената вредност за овој проект кој доаѓа од страна на Банката и се состои од: 1) обезбедување на долгорочно финансирање во земјата, кое се совпаѓа со животниот век на инвестициите во инфраструктура, и 2) поддршка на Банката за интегрирање кон пристапни стандарди за родова пристапност во инвестиции од инфраструктурата.

## Контакт информации за компанијата:

Дритон Руси, Помошник директор за железници
d.rusi@mzi.mk
телефон: +389 (0)2 2449 740
Јордан Мијалков 50б, 1000 Скопје, Северна Македонија

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на

Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата, проверете на Набавки на ЕБОР:

Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на ,,еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите

меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се достават преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизм на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување

на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни неусогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од подносителот на поплаката.